Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на закон за заштита на физичките лица во врска со обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции |
| Одговорно лице и контакт информации: | Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение<br>тел: 072/212-178<br>email: MajaStefkovskaPaneva@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☒Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☒НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ______________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | Нема |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 15.04.2021 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | __.__.2021 |

| | |
|---|---|
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | __.__.2021 |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | __.__.2021 |

1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот:

**1.1 Опис на состојбите**

Усвојувањето на легислативата која обезбедува заштита на личните податоци преставува дел од процесот на преговрите меѓу Советот на Европа, Европскиот парламент и Европската Комисија, во кој 2015 година беше утврден пакет за заштита на лични податоци, составен од Директивата за заштита на личните податоци и Директивата за полиција.

Донесувањето на Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) заедно со подзаконските акти објавени во („Службен весник на Република Северна Македонија "бр. 122/20) претставуваат значаен чекор во постигнување на хармонизацијата на прописите за заштита на личните податоци со кои се постигна усогласеност со кој целосно се транспонира Регулативата (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот за заштита на физичките лица во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на овие податоци и за укинување на Директивата 95/46/ЕЗ (Општа регулатива за заштита на личните податоци), но постигнувањето на целосна хармонизација на национланото законодавство со правото на ЕУ во областа на заштитата на личните податоци ќе се постигне со транспонирање и на Директивата (ЕУ) 2016/680 на Европскиот парламент и на Советот од 27 април 2016 година (Полициската директива), во националното законодавство.

Постоечкиот Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) обезбедува заштитата на личните податоци како основни слободи и права на граѓаните, а особено правата на приватност во врска со обработка на лични податоци, правата на субјектот на личните податоци во врска со обработката на личните податоци тајноста и заштитата на обработката на личните податоци, преносот на личните податоци во други држави, давањето на личните податоци на корисници, надлежностите на Агенцијата за заштита на личните податоци, супервизија над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и прекршоците и прекршочната постапка во оваа област, но за да се обезбеди во целост

заштитата при обработката на личните податоци заради целите на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции, при обработката на личните податоци при превенција, откривање и гонење на сторители на кривични дела, како и при обработка на лични податоци што се однесува на кривични дела, изречените казни и мерки на безбедност за извршени кривични дела, ќе треба да се донесе и овој Предлог на закон за заштита на физичките лица во врска со обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции.

Во Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) и покрај тоа што одредени законски норми изгледаат како да регулираат иста состојба при заштитата на личните податоци сепак со донесувањето на „Закон за заштита на физичките лица во врска со обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции„ покрај транспонирањето на ЕУ Директива 2016/680 (Полициска директива), ќе се обезбеди и поголема заштита на физичките лица при обработката на нивните лични податоци заради спречување на криминалот и откривање и гонење на сторителите, а воедно ќе се обезбедат европски стандарди при заштита на правата и слободите на физичките лица во врска со заштитата при обработката на личните податоци како фундаментално право, како и да се постави законска рамка при размена на личните податоци помеѓу надлежните органи.

**1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување**

Хармонизација на националното законодавство со одредбите на Директивата (ЕУ) 2016/680 е потребна со цел да се обезбедат европски стандарди при заштита на правата и слободите на физичките лица во врска со заштитата при обработката на личните податоци како фундаментално право, како и да се постави законска рамка при размена на личните податоци помеѓу надлежните органи.

Директивата (ЕУ) 2016/680 е законодавен акт на ЕУ со кој се утврдуваат правилата за заштита на лицата во врска со обработката на лични податоци од страна на надлежните органи, заради спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или извршување на кривични санкции и за слободно движење на такви податоци.

**Предмет на овој закон е уредување на прашањата кои што се однесуваат исклучиво на заштита на лични податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции заради што се предлага и донесување на истиот како посебно законско решение .**

**2. Цели на предлог регулативата:**

Усогласување со Европската Директива 2016/680 со донесување на овој закон со кој ќе се транспонираат одредбите од ЕУ Директивата 2016/680 за заштита на физичките лица во процесот на обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции и со кој на национално ниво во согласност со ЕУ стандардите ќе се уреди заштитата на физичките лица во врска со обработката на личните податоци од страна на надлежните органи за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции, вклучувајќи и заштита и спречување на закани во однос на јавната безбедност.

Основната цел на предлог Законот е да се обезбеди заштита на основните права и слободите на физичките лица, а особено нивното правото на заштита на личните податоци како и да се обезбеди размена на личните податоци помеѓу надлежните органи, предвидена со закон, без притоа да се ограничи или забрани истата, од причини кои се однесуваат на заштитата на физичките лица во врска со обработката на нивните лични податоци.

Целта на овој Закон истотака е да обезбеди законска и правична обработка на личните податоци на начини утврдени во одредбите од законот и тоа истите да се собираат за конкретни, јасни и легитимни цели дека истите нема да се обработуваат на начин што не е во согласност со тие цели.

Се утврдуваат обврски за усогласување на работењето на контролорите и обработувачите во рокови дадени во законот, како и преземање на мерки за усогласување на автоматските системи за обработка на личните податоци воспоставени пред влегувањето во сила на овој закон со одредбите на членовите 21, 26 и 30 од овој закон најдоцна до 6 мај 2023 година.

**3. Можни решенија (опции):**

3.1. Опис на решението „не прави ништо“

Ова решение значи да не се донесе предложениот Закон.
Ова не е прифатлива опција бидејќи со одбирањето на оваа опција нема да се постигнат горенаведените цели на предложениот закон.

3.2. Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Со донесувањето на Законот ќе заокружи процесот на усогласување на националното законодавството со правото на ЕУ, преку транспонирање на Европската Директива 2016/680

**4. Проценка на влијание на регулативата:**

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1. Економски влијанија НЕМА
4.2. Фискални влијанијаНЕМА
4.3. Социјални влијанијаНЕМА
4.4. Влијанија врз животната средина НЕМА
4.5. Административни влијанија и трошоци – НЕМА
а) трошоцизаспроведување
б) трошоцизапочитувањенарегулативата

**5. Консултации:**

5.1. Засегнати страни и начин на вклучување

Засегнати страни се надлежните органи кои со закон се надлежни за спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции, вклучувајќи ја и заштитата и спречувањето на закани во однос на јавната безбедност како и други тела или институција на кои им е доверено според закон да вршат јавни должности и јавни овластувања за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции, вклучувајќи и заштита и спречување на закани во однос на јавната безбедност, поради што беше формирана работна група во која се вклучени претставници од Министерството за внатрешни работи на РСМ, Агенцијата на нацинолна безбедност, Јавното обвинителство на РСМ, Управата за извршување на санкции, Врховен суд на РСМ, Управата за финансиска полиција, Управата за финасиско разузнавање, Агенцијата за заштита на личните податоци и Секретаријатот за европски прашања, како и сите останати институции и граѓани кои можат да се вклучат на јавна дебата преку користење на електронски интерактивни алатки достапни на порталот ЕНЕР (www.ener.gov.mk).

**5.2. Преглед на добиените и вградените мислења**

Ќе бидат побарани и вградени мислења од Секретаријатот за законодавство, Министерството за информатичко општество и администрација, Секретаријатот за Европски прашања и Министерство за финансии.

**5.3. Мислењата кои не биле земени предвид и зошто**

Во текот на подготовката на завршниот текст на нацрт Законот се направија прелиминарни консултации со Секретаријатот за законодавство во однос на одредени понудени законски решенија кои се повторува со одредни одредби инкорпорирани во Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) при што од страна на СЗ беше укажно на работната група дека е потребна доработка на текстот, а со цел избегнување односно ограничување на повторувањето на одредбите од Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) во овој Предлог закон за заштита на физичките лица во врска со обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции.

Дел од прелиминарните забелешки беа прифатни на начин што некои одредби кои се повторуваа беа остранети со одредби кои повикуваат на употреба на одредбите од Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) и на кој начин се намали обемот на прописот, но во одреден дел останаа да егзистираат и во овој предлог Закон бидејќи истите претставуваа логична рамка со кои се уредуваат состојбите, процесите и односите содржани во овој предлог закон, особено во однос на почитувањето на законитоста во определувањето на прекршоците и на пропишувањето на прекршочните санкции.

6. Заклучоци и препорачано решение:

## 6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на на можните решенија (опции)

а)**Позитивни влијанија**

Поголема заштита на основните права и слободите на физичките лица во врска со обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции како и обезбедување на законитост во случаите кога се врши обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции.

б) **Негативни влијанија:**
Недонесувањето на Предлог законот нема да овозможи реализација на горенаведените цели.

**а) Опција - Донесување на Законот**

Позитивни влијанија:
Донесувањето на Законот како посебно законско решение ќе создаде прецизна примена на одредбите од овој закон во случаите утврдени со истиот усогласен со Европската директива 2016/680.
Ваквиот начин на регулирање се покажа како подобар начин за постигнување на усогласеност националната законската рамка со правото на ЕУ.

Негативни влијанија:
НЕМА

**6.2.Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)**

Нема

*6.3.* **Препорачано решение со образложение**

Се препорачува донесување на посебен „Предлог на Закон за заштита на физичките лица во врска со обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции„со кој ќе се обезбеди законска рамка за заштита на физичките лица во врска со обработката на личните податоци за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции при постапување од страна на надлежните органи.

7. Спроведување на препорачаното решение:

**7.1. Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области**

Со предложениот закон се предвидуваат период на усогласување како и усогласување со секторска легислатива

### 7.2. Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Ќе се изврши усолгасување на веќе донесените подзаконски акти во случај доколку се јави таква потреба.

### 7.3. Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување

Агенцијата за заштита на личните податоци ( надзорно тело) како и другите надлежните органи кои со закон се надлежени за спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции, вклучувајќи ја и заштитата и спречувањето на закани во однос на јавната безбедност како и други тела или институција на кои им е доверено според закон да вршат јавни должности и јавни овластувања за цели на спречување, истрага, откривање или гонење на кривични дела или за извршување на кривични санкции, вклучувајќи и заштита и спречување на закани во однос на јавната безбедност.

### <u>7.4.Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон</u>

Агенцијата за заштита на личните податоци ќе превземе активности зависно од покажните резултати и потребите на надлежните органи и други тела и институции надлежни за спроведување на законот на начин на кои ќе им овозможи полесна примена на понудените законски решенија, преку советувања, консултации и изготвување на прирачници.

### <u>8. Следење и евалуација:</u>

8.1. Начин на следење на спроведувањето

Спроведувањето на законот и ефектите од истиот ќе бидат предмет на постојан надзор и следење од страна на Агенцијата за заштита на личните подтоци.

Освен одредни одредби кои се наведни во предлог законот и за кои е предвидено да имаат одложена примена односно нивното спроведување ќе започне по пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

### 8.2. Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Резултатите од предложените законски решенија ќе се следат преку континуирано следење на примената на предложениот закон како и протекот на периодот предвиден за усогласување.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:**______________

..............................................

**потпис на државен секретар**

| Изјава од министерот |
| --- |
| Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин. |
| Датум:____________ ............................ потпис на министерот |

Изработил: Маја Стефковска Панева, раководител на одделение